ТоплификацијА АД - Скопје
Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија

Македонска Берза
на хартии од вредност АД Скопје

Лондонска б.б.
1000 Скопје
Р.Македонија

Тел.: 02/30 97 600
Факс: 02/30 76 057

toplif@toplif.com.mk
www.toplif.com.mk

Скопје, 09/06/2017

Во согласност со член 35 став 1 алинеја 7 од Правилата за котација (пречистен текст) на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, Друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД Скопје го објавува следното

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Во врска со судската постапка 5ТС-194/13 иницирана од Топлификација АД Скопје против тужениот ТЕ-ТО АД Скопје по основ на долг во **вредност од 383.623.254,00 денари**, Основниот суд Скопје 2 Скопје на ден 25.12.2015 година донесе **Пресуда со која се усвојува тужбеното барање на тужителот**.

На вака донесената Пресуда беше поднесена **Жалба од тужениот**, по што **со Решение ТСЖ-645/16** од 07.04.2016 година на Апелациониот суд Скопје жалбата на тужениот се уважи и **предметот се врати на првостепениот суд на повторно одлучување**.

По повторно спроведена судска постапка од првостепениот суд донесена е **Пресуда 5ТС-212/16** од 02.11.2016 година **со која повторно се усвојува тужбеното барање на тужителот**.

На вака донесената Пресуда беше поднесена **Жалба од тужениот**, по што на ден 08.06.2017 година тужителот прими **Пресуда ТСЖ-133/17** од 22.05.2017 година на Апелациониот суд Скопје **со која Жалбата на тужениот се уважува, првостепената Пресуда се преиначува** и се одбива тужбеното барање на тужителот.

**Тужителот Топлификација АД Скопје против Пресудата ТСЖ-133/17 од 22.05.2017 година ќе поднесе Ревизија до Врховниот суд на Република Македонија**, со што постапката сеуште е во тек.

Оваа информација се однесува на еден од трите судски спорови кои Топлификација АД Скопје ги води против ТЕ-ТО АД Скопје за долг по основ на невратени заеми.

**Топлификација АД Скопје**